Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Шеесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 13 април 2021 година

Скопје, април 2021 година

**З А П И С Н И К**
**од Шеесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 13 април 2021 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 12:25 часот.

Со седницата претседаваа претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев, како и Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата учествуваа Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и м-р Никола Димитров, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, членовите на Владата: м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, м-р Бојан Маричиќ, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, Мила Царовска, министер за образование и наука, д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа, д-р Ирена Стефоска, министер за култура, д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски и Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваа и м-р Димитар Ковачевски, заменик на министерот за финансии и м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за локална самоуправа, како и Калинка Габер, државен секретар во Секретаријатот за европски прашања.

На седницата учествуваа и Санџај Прадхан, директор на Отворено владино партнерство (ОВП) од Канцеларијата во Њујорк, Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна

Македонија и Душко Арсовски, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

*

*    *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

ДНЕВЕН РЕД

**- Усвојување на записниците од 59-та, 61-та, 62-та и 63-та седница на Владата, одржани на 30 март 2021 година, 1 април 2021 година, 2 април 2021 година и 5 април 2021 година**

ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД:

- **Состојби и напредок на Република Северна Македонија во процесот на преговорите за членство во Европската Унија**

  *- Придонес на Република Северна Македонија кон Извештајот на Европската комисија за 2021 година*

  *- Агенда Европа дома*

- **Статус на реализација на капиталните инвестиции**

  *- Информација за статусот на проектите кои се финансираат преку ИПА 2 програмите во Република Северна Македонија, со консолидирана табела*

  *- Информација за статусот на проектите кои се финансираат од меѓународни финансиски институции и билатерални кредитори*

- **Статус на реализација на Рамковниот договор**

1. Записник од Триесет и вториот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на коронавирус КОВИД-19, одржан на 12 април 2021 година

2. Записник од Десеттата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, одржана на 12 април 2021 година, со Записникот од четвртата седница на Групата за процена, одржана на 12.04.2021 година и со Предлог-одлука за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од

негово ширење, со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението

3. Предлог-одлука за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година

4. Барање за издавање на согласност заради приватизација на недвижен имот

5. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (КП бр. 1314/1 КО Струмица, ул. „Благој Мучето“) и Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (КП бр. 15, КО Струмица, ул. „Спартаковска“)

6. Предлог-одлука за давање на согласност на Ценовникот за плаќање на услугите на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта-Скопје, ц.о.

7. Информација за преотстапување на дрвна маса од Јавното претпријатие за стопанисување со државни шуми „Национални шуми“ на Казнено поправен дом Прилеп, со Предлог-одлука

8. Информација во врска со Одлука за давање на користење на недвижен имот - шестоседа жичара на Попова Шапка сопственост на АД за производство на електрична енергија, „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје на ЕЛЕМ Турс ДООЕЛ Скопје, УО бр.02-355/187/2 од 1.2.2021 година, донесена од Управниот одбор на АД за производство на електрична енергија, „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје, како Дaвател на стварта на Друштвото за туризам, угостителство, рекреација и спорт ЕЛЕМ Турс ДООЕЛ Скопје, како корисник

9. Информација за започнување со подготвителни активности и спроведување на потребни постапки за санирање и реновирање на опожарените простории

10. Информација за Правилник за општите и посебните барања за безбедност на храната во однос на максимално дозволените нивоа на резидуи од пестициди во или врз храната и храната за животни од растително и од животинско потекло, со Предлог –одлука

11. Годишен извештај за работата на Националниот центар за одговор на компјутерски инциденти за 2020 година, со Предлог-одлука

12. Информација со Предлог-одлука за давање во закуп објекти на граничен премин за патен сообраќај

13. Информација со Предлог-одлука за давање во закуп објекти од траен карактер на граничните премини за патен сообраќај

14. Предлог-одлука за продажба на движна ствар (воздушно ладен компресорски агрегат)

15. Барање за спроведување на постапка за упис на правото на сопственост на недвижен имот-објект на име на Друштвото за производство, трговија и услуги Еуро Актива ДОО експорт-импорт Скопје во Агенцијата за катастар на недвижности, а согласно Договор за размена на имот склучен помеѓу Министерството за одбрана и Еуро Актива ДОО експорт-импорт Скопје, ОДУ бр.45/05 од 27 мај 2005 година

16. Информација за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, со Предлог-одлука

17. Информација за обезбедување на финансиски средства во наредните години за спроведување постапка за јавна набавка за изработка на проектна документација и урбанистички планови

18. Информација за реализација на проектот за изградба на Интерконективен гасовод меѓу Република Северна Македонија и Република Грција

19. Извештај за дополнително реализираните активности и извршените преговори за текстот на Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Соединетите Американски Држави за безбедносните мерки за заштита на класифицираните информации, со усогласен текст на Договорот

20. Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Јавното претпријатие за стопанисување со објекти за спорт во сопственост на Република Северна Македонија

21. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Доброволно противпожарно друштво „Видра" – Велес

22. Предлог-одлука за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на Друштвото за производство на електрична енергија, Сателит енерџи ДООЕЛ Куманово

23. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (ЈЗУ Здравствен дом Железничар - Скопје)

24. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или

транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (ЈЗУ Клиника за гастроентерохепатологија – Скопје)

25. Предлог-одлука за продажба на движни ствари (7 патнички моторни возила)

26. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за јавните набавки во областа на одбраната и безбедноста (*)

27. Информација за продажба на недвижни ствари во Кичево сопственост на Република Северна Македонија - корисник Министерство за финансии, со Предлог-одлука

28. Информација за продажба на недвижни ствари во Општина Струмица од поранешна „Конзервна фабрика" АД Струмица, сопственост на Република Северна Македонија - корисник Министерство за финансии, со Предлог-одлука

29. Информација за итна потреба од обезбедување на соодветен деловен простор за новоформираните сектори во Управата за финансиска полиција

30. Информација за доставување на пресуда од Управен суд по Информацијата за текот на постапката пред Управен суд против Одлука на Државната комисија за жалби по јавни набавки за поништување на Одлуката за давање на дивечот во ловиштето бр.5 „Душегубица" на користење- концесија донесена од страна на Владата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 22 од 31.1.2020 година)

31. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4-времено сместување, КО Душегубица, Општина Кичево, со Предлог-одлука

32. Информација за престанок на важење на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Е2-комунална супраструктура (бензинска пумпна станица и услужен центар) КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево, со Предлог-одлука

33. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштво за производство, трговија и услуги Агровин ДН ДООЕЛ Кавадарци ул.Цано Поп Ристов бр.32 Б, Кавадарци, со Предлог-одлука

34. Информација за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштво за трговија на големо и мало ГО-МИЛ ДООЕЛ Облешево, Општина Чешиново-Облешево, со Предлог-одлука

35. Информација во врска со барањето на Концесионерот АК Хидро 2016 ДООЕЛ Тетово за продолжување на рокот за изградба и започнување со комерцијална работа на МХЕЦ Вејачка

36. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објект за сместување поднесено од Еуро хотел Градче, Кочани, со Предлог-решение

37. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објект за сместување поднесено од хотел Оаза, Штип, со Предлог-решение

38. Информација со Предлог-одлука за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – керамичка глина на локалитетот „Бодевица“ Кучов Рид, Општина Пехчево

39. Информација во врска со Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – варовник на локалитетот „Мирковец“, Општина Василево 4/2021 и Тендерската документација за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - варовник на локалитетот „Мирковец“ Општина Василево

40. Информација во врска со извршената евалуација од Јавниот повик за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини 1/2021 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.2/21), со предлог – одлуки

41. Предлог-одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – песок и чакал на Друштвото за градежништво и трговија Градба Промет ДОО Кавадарци на локалитетот „Црвени Брегови“, Општина Неготино

42. Предлог-одлука за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина–подземна вода на локалитетот „с.Горна Белица“, Општина Струга

43. Предлог-одлука за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – минерална – подземна вода на локалитетот „Маркови Кули“, Општина Кавадарци

44. Информација во однос на побарувања од предизвикана штета на наши вооружени сили надвор од земјата, како и на претставници на вооружените сили на трети страни во Република Северна Македонија согласно член 8 од текстот на Договорот меѓу страните на Северноатлантскиот договор за статусот на силите, ратификуван со Закон за ратификација на Договорот меѓу страните на Северноатлантскиот договор за статусот на нивните сили („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 260/20 од 3.11.2020 година)

45. Информација за потребата од спроведување на донација за реализација на проект на Армискиот полигон Криволак

46. Информација за влегување и престој на странски вооружени сили на територијата на Република Северна Македонија заради изведување на вежба „Trojan Footprint 21“, со Предлог-одлука

47. Информација за правосилност на Одлуката на Европскиот суд за човекови права во случајот Рецепови против Северна Македонија А.бр. 30415/18, со Предлог-одлука

48. Информација за правосилност на Одлуката на Европскиот суд за човекови права во случајот Јусинова против Северна Македонија А.бр. 59492/18, со Предлог-одлука

49. Барање на Ахмет Шемсеттин Короглу, за прием во државјанство на Република Северна Македонија согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

50. Информација во врска со Договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство за формирање на современа модерна организација - платформа како ефикасен носител на хеликоптерски итен медицински систем во Република Северна Македонија (ХЕМС) и хеликоптерски услуги за пребарување и спасување (САР)

51. Информација за постапување на Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација на економски ресори и инвестиции, по однос на заклучок по Точка 36 од 57-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 23 март 2021 година за Предлог-договорот за доделување на државна помош на Друштвото за производство на електрична и електронска опрема за моторни возила ДДМ Дрекслмајер мануфактуринг Македонија ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци, со текст на Договор

52. Информација во врска со статусот на постапување по Информацијата за обесштетување на поплавените правни лица во Скопскиот Регион за поплавите од август 2016 година

53. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта

54. Предлог на закон за учебници и други наставни и дидактички материјали во основно и средно образование

55. Предлог за поведување на постапка за водење на преговори за склучување на Договор за заемно признавање на професионалните квалификации на докторите по медицина, доктори по стоматологија и архитекти меѓу земјите од ЦЕФТА и Регионалниот совет за соработка

56. Предлог-одлука за давање на времено користење на недвижни ствари на Министерство за труд и социјална политика

57. Предлог-одлука за видот и висината на надоместоците за трошоците во постапката на акредитација врз основа на реално направени трошоци

58. Предлог-одлука за давање на одобрение за основање на приватна високообразовна установа - Самостојна висока стручна школа Интернационален институт за мода „Изет Цури“ во Скопје

59. Предлог-одлука за давање на времено користење на недвижни ствари на Здружението на граѓани за третман на лица со Аутизам, АДХД и Аспергеров синдром ВО МОЈОТ СВЕТ-Скопје

60. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Националната установа Центар за култура Трајко Прокопиев – Куманово

61. Предлог на закон за изменување и дополнување на Изборниот законик, поднесен од група пратеници

62. Предлог на закон за продажба на станови кои потекнуваат од станбениот фонд на поранешна ЈНА или се добиени по пат на замена на недвижен имот кој потекнува од поранешната ЈНА и се доделени на користење на лица вработени во Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија, предложен од група пратеници

63. Предлог на закон за престанување на важењето на Законот за попис на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија, 2021 година, по итна постапка, поднесен од група пратеници

64. Годишен извештај за работата на Оперативно – техничката агенција за 2020 година

65. Извештај на ректорот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје за работата на Универзитетот за периодот од 1 октомври 2019 година до 14 септември 2020 година

66. Понуда од нотар Никола Спасовски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.220 за КО Катланово и Имотен лист бр.1029 за КО Катланово на КП бр. 1454/10, 1454/2, 1454/3, 1454/4, 1454/5, 1454/6, 1454/7, 1455, 1456, 1457, 1458 и 1459 во место викано ул. Лака

67. Понуда од нотар Мартин Божиновски од Куманово за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.81652 за КО Куманово на КП бр. 14158/3 во место викано Солунска

68. Понуда од нотар Ана Брашнарска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.736 за КО Бардовци на КП бр.1947, дел 1, викано место/улица Село, катастарска култура зз, нива, класа 2 со вкупна површина од 103м2

69. Понуда од нотар Фатмир Ајрули од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 6339 за КО Бутел, на КП бр. 870/18

70. Понуда од нотар Сашо Клисароски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 622 за КО Кисела Вода 1, на КП бр. 3316

71. Понуда од нотар Ана Дојчиновска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.192317 за КО Драчево 2 на КП бр.1103 викано место Ќупријан

72. Понуда од нотар Митко Милков од Кавадарци за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.19270 за КО Кавадарци на КП бр.12613, со дополнување

73. Понуда од нотар Џеват Буџи од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.93356 за КО Чаир на КП бр.1036, КП бр.1037, КП бр.1038, КП бр. 1040, КП бр. 1041, КП бр. 1042, КП бр. 1043, КП бр. 1044/1, КП бр. 1044/2, КП бр.1048, КП бр.1049, КП бр.1056/2, КП бр.1255, КП бр.1258, КП бр. 1260, КП бр. 1262/1, КП бр. 1264/1, КП бр.1265/2 место/улица Дижонска, со дополнување

74. Понуда од нотар Ирфан Јонузовски од Скопје за продажба на недвижен имот кое претставува 3449/3674 идеален дел од КП бр.115/6 КО Злокуќани со Имотен лист бр.2279

75. Понуда од нотар Пане Нацев од Кавадарци за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.17476 за КО Кавадарци на КП бр.13457, викано место/улица Д. Атанасов 4 и Имотен лист бр.5572 за КО Кавадарци на КП бр. 13457

76. Барање на мислење од нотар Катерина Митревска од Скопје, заради спроведување на договор за размена на недвижен имот, со Имотен лист бр.1931 за КО Чаир, на КП бр.34 и Имотен лист бр.93546 за КО Чаир, на КП бр.37, каде како кособственик се јавува Република Северна Македонија

77. Известување од извршител Снежана Андреевска од Скопје, за Налог за извршување врз недвижност, доставен под И.бр.19/20 од 14.1.2020 година, со дополнувањата

78. Известување од извршител Снежана Андреевска од Скопје, за Налог за извршување кај пристапување кон извршување, доставен под И.бр.573/21 од 1 март 2021 година за КО Гиновци

79. Обраќање на директорот на Отворено владино партнерство (ОВП) од Канцеларијата во Њујорк, Санџај Прадхан и на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев, со отворена дискусија и прашања од членовите на Владата

80. Кадровски прашања

81. Прашања и предлози

82. Извештај за финансиско работење на Јавното претпријатие за државни патишта за периодот октомври - декември 2020 година

83. Тримесечен извештај за работењето на Железници на Република Северна Македонија–Транспорт А.Д. – Скопје, за период 1 октомври – 31 декември 2020 година

84. Извештај за работа на Националниот совет за информациски и комуникациски технологии за 2020 година

85. Информација за ажурирање на Акциски план за проект: Воведување на информациски систем за управување со енергијата ЕМИС, за период до 31 март 2021 година

86. Извештај за реализација на Уредбата со законска сила за издавање на ваучери за туризам на вработени лица со низок доход заради поттикнување на домашниот туризам за време на вонредна состојба

87. Годишен извештај за 2020 година на Националниот координативен центар за сузбивање организиран и сериозен криминал

88. Годишен извештај на Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција за 2020 година

89. Информација за Годишен извештај за утврдена дисциплинска и материјална одговорност на административните службеници во Република Северна Македонија за 2020 година

90. Информација за Годишен извештај за оценувањето на административните службеници во Република Северна Македонија за 2020 година

91. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерство за труд и социјална политика

92. Предлог на закон за дополнување на Законот за здравствената заштита, по скратена постапка

93. Предлог-годишната програма за изменување и дополнување на Годишната програмата за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2021 година

94. Предлог-одлука за начинот на користење и висината на износот на средствата за угостителски услуги на територијата на Република Северна Македонија

95. Предлог-програма за изменување на Програмата за рамномерен регионален развој за 2021 со индикативно планирани средства за 2022 година

96. Информација за статусот на реализација на подготвителните активности за воспоставување на самоодржлив систем за интегрирано управување со отпад во Источен и Североисточен Регион

97. Информација за донесување на Решение за одобрување на план за ремедијација на локацијата во АД ОХИС – Скопје

98. Информација за изработка на Основен проект и изградба на кружен тек на магистрален пат Гостивар - Кичево кај постоечката крстосница/приклучок на патната делница – врска со магистралниот пат на Р1202 Маврови Анови - Дебар-гр. со Р. Албанија (ГП Блато) и сообраќајно решение за обезбедување на приклучок кон планираниот алтернативен пат до Депонија Русино, Општина Гостивар

99. Информација за донесување на Ревидиран национален утврден придонес кон Договорот од Париз

100. Предлог-одлука за висината и начинот на наплатувањето на надоместокот за услугите што ги врши Бирото за метрологија и овластеното правно лице

*

*    *

Владата без забелешки ги усвои записниците од 59-та, 61-та, 62-та и 63-та седница на Владата, одржани на 30 март 2021 година, 1 април 2021 година, 2 април 2021 година и 5 април 2021 година.

*

*    *

ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД:

- **Состојби и напредок на Република Северна Македонија во процесот на преговорите за членство во Европската Унија**

*- Придонес на Република Северна Македонија кон Извештајот на Европската комисија за 2021 година*

Владата го разгледа Придонесот на Република Северна Македонија кон годишниот Извештај на Европската комисија за 2021 година, го усвои и го задолжи Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 14.4.2021 година, до Европската комисија да ја достави англиската верзија на Придонесот на Република Северна Македонија кон Извештајот на Европската комисија за 2021 година.

*-Агенда Европа дома*

Владата ја разгледа Агендата Европа дома (статус 13.4.2021 година), како материјал за информирање.

Воедно, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, м-р Никола Димитров ги информираше членовите на Владата за статусот на обврските и активностите содржани во материјалот Агенда Европа дома и укажа на потребата, при разгледување на овој материјал, во делот на точките од Пред преминување на Дневниот ред, покрај табеларниот дел да се подготвува и наративен дел, со предлог-заклучоци за обврските и мерките, во кои има застој или се доцни, а надлежните институции да посветат посебен фокус на реализирање на истите.

Дополнително, согласно предлозите изнесени во расправата на седницата, Владата заклучи:

-во делот Избори - понатамошно консолидирање на законската и институционална рамка за спроведување на изборниот процес согласно европските и меѓународните стандарди, да се дополни дека претстојат разговори со претставници на ОБСЕ/ОДИХР за препораките за изборниот модел и се очекува таа измена на Изборниот законик да се донесе во текот на мај 2021 година;

-во делот Борба против корупција - Јакнење на капацитетите на надлежните институции за ефикасна борба со корупцијата, во активноста Операционализација на Националната платформа за интероперабилност за потребите на надлежните органи за борба против корупција, како институција носител покрај Кабинетот на Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси, да биде и Министерството за информатичко општество и администрација.

- **Статус на реализација на капиталните инвестиции**

 - *Информација за статусот на проектите кои се финансираат преку ИПА 2 програмите во Република Северна Македонија, со консолидирана табела и*

 - *Информација за статусот на проектите кои се финансираат од меѓународни финансиски институции и билатерални кредитори*

Владата по Информацијата за статусот на проектите кои се финансираат преку ИПА 2 програмите во Република Северна Македонија, со консолидирана табела и Информацијата за статусот на проектите кои се финансираат од меѓународни финансиски институции и билатерални кредитори, во насока на искористеноста на заемите и инвестициските грантови за истите, заклучно со 31 март 2021 година, со Акциски план, заклучи:

- Се задолжуваат сите министерства веднаш да постапат по задолженијата и да го информираат Министерството за финансии за статусот на своите проекти кои се финансираат преку ИПА 2 програмите во Република Северна Македонија и за

статусот на проектите кои се финансираат од меѓународни финансиски институции и билатерални кредитори, во насока на искористеноста на заемите и инвестициските грантови за истите, заклучно со 31 март 2021 година, а Министерството за финансии на наредната седница да ја информира Владата за ова.

- **Статус на реализација на Рамковниот договор**

Првиот заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Артан Груби ги информираше членовите на Владата за прогресот на преземање на нераспределените административни службеници од Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците вработени преку К-5 Програмата.

*

*     *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата го разгледа и го усвои Записникот од Триесет и вториот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на коронавирус КОВИД-19, одржан на 12 април 2021 година.

**<u>Точка 2</u>**

Владата го разгледа Записникот од Десеттата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, одржана на 12 април 2021 година, со Записникот од четвртата седница на Групата за процена, одржана на 12.04.2021 година и со Предлог-одлука за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење, со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението и притоа ги донесе следниве заклучоци:

1. Го усвои Записникот од Десеттата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, одржана на 12 април 2021 година.

2. Ја утврди Предлог-одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на

мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење, со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението (со која се предлага на Собранието на Република Северна Македонија да одобри продолжување на рокот за постоење на кризна состојба до 31 декември 2021 година) и заклучи да се достави до Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Радмила Шекеринска Јанковска, министер за одбрана, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи и Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, а за повереник Стојанче Ангелов, директор на Центарот за управување со кризи.

**Точка 3**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година и ја донесе Одлуката со следните заклучоци:

1. Во текстот на Одлуката во членот 3 и во членот 7 зборовите „30 проценти“ се заменуваат со зборовите „33 проценти“ и

2. Во текстот на Одлуката во членот 4 зборовите „спортски субјекти“ се заменуваат со зборовите „даночни обврзници“.

**Точка 4**

Владата по Барањето за издавање на согласност заради приватизација на недвижен имот даде согласност да продолжи постапката за приватизација на недвижниот имот.

**Точка 5**

Владата ги донесе новите текстови на:

- Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (КП бр. 1314/1 КО Струмица, ул. „Благој Мучето“), во предложениот текст и

- Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (КП бр. 15, КО Струмица, ул. „Спартаковска“), во предложениот текст.

**Точка 6**

Владата ја донесе Одлуката за давање на согласност на Ценовникот за плаќање на услугите на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта-Скопје, ц.о. (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 7**

Владата ја разгледа Информацијата за преотстапување на дрвна маса од Јавното претпријатие за стопанисување со државни шуми „Национални шуми" на Казнено поправен дом Прилеп, со нов текст на Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за преотстапување на дрвна маса од Јавното претпријатие за стопанисување со државни шуми „Национални шуми", П.О. Скопје на Казнено поправен дом Прилеп, во предложениот текст.

Исто така, да се има предвид Мислењето на Министерството за финансии со укажување на законската обврска на Јавното претпријатие за уплата на дел од средствата во Буџетот на Република Северна Македонија.

**Точка 8**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата во врска со Одлука за давање на користење на недвижен имот - шестоседа жичара на Попова Шапка сопственост на АД за производство на електрична енергија, „Електрани на Северна Македонија", во државна сопственост, Скопје на ЕЛЕМ Турс ДООЕЛ Скопје, УО бр.02-355/187/2 од 1.2.2021 година, донесена од Управниот одбор на АД за производство на електрична енергија, „Електрани на Северна Македонија", во државна сопственост, Скопје, како Дavател на ствaрта на Друштвото за туризам, угостителство, рекреација и спорт ЕЛЕМ Турс ДООЕЛ Скопје, како корисник, за наредната седница на Владата, поради потребата предлагачот да се усогласи со Секретаријатот за законодавство, односно да го усогласи членот 1 од Одлуката на Управниот одбор на друштвото со членот 3 од Договорот, во однос на времето за кое се доделува недвижноста.

**Точка 9**

Владата, на предлог на Пеце Мирчевски, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија ја одложи од разгледување Информацијата за започнување со подготвителни активности и спроведување на потребни постапки за санирање и реновирање на опожарените простории, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика и Комисијата за политички систем.

**Точка 10**

Владата ја разгледа Информацијата за Правилник за општите и посебните барања за безбедност на храната во однос на максимално дозволените нивоа на резидуи од пестициди во или врз храната и храната за животни од растително и од животинско потекло, со Предлог –одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Правилникот за општите и посебните барања за

безбедност на храната во однос на максимално дозволените нивоа на резидуи од пестициди во или врз храната и храната за животни од растително и од животинско потекло, во предложениот текст.

**Точка 11**

Владата по Годишниот извештај за работата на Националниот центар за одговор на компјутерски инциденти за 2020 година, со Предлог-одлука ја донесе Одлуката за усвојување на Годишниот извештај за работата на Националниот центар за одговор на компјутерски инциденти за 2020 година, во предложениот текст.

Исто така, Националниот центар за одговор на компјутерски инциденти да ја издвои главата од извештајот насловена „Статистика за работењето на MKD-CIRT во 2020 година" и истата да ја направи јавно достапна на својата веб-страница.

**Точка 12**

Владата ја разгледа Информацијата со Предлог-одлука за давање во закуп објекти на граничен премин за патен сообраќај, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање во закуп објекти на граничен премин за патен сообраќај, во предложениот текст.

**Точка 13**

Владата ја разгледа Информацијата со Предлог-одлука за давање во закуп објекти од траен карактер на граничните премини за патен сообраќај, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање во закуп објекти на граничните премини за патен сообраќај, во предложениот текст.

**Точка 14**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за продажба на движна ствар (воздушно ладен компресорски агрегат), во предложениот текст.

**Точка 15**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Барањето за спроведување на постапка за упис на правото на сопственост на недвижен имот-објект на име на Друштвото за производство, трговија и услуги Еуро Актива ДОО експорт-импорт Скопје во Агенцијата за катастар на недвижности, а согласно Договор за размена на имот склучен помеѓу Министерството за одбрана и Еуро Актива ДОО експорт-импорт Скопје, ОДУ бр.45/05 од 27 мај 2005 година, поради потребата од дополнително усогласување и произнесување по истото од Министерството за одбрана и Агенцијата за катастар на недвижности.

Оваа точка претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика и Комисијата за политички систем.

## Точка 16

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, во предложениот текст.

## Точка 17

Владата ја разгледа Информацијата за обезбедување на финансиски средства во наредните години за спроведување постапка за јавна набавка за изработка на проектна документација и урбанистички планови и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони да ги обезбеди потребните финансиски средства во висина од 35.400.000,00 денари за спроведување на постапка за изработка на проектна документација и урбанистички планови, со следниот начин и динамика:

- 2021 година - 16.520.000,00 денари
- 2022 година - 16.520.000,00 денари
- 2023 година - 2.360.000,00 денари

2. Се задолжува Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони средствата во висина од 35.400.000,00 денари за 2021, 2022 и 2023 година да ги прикаже во буџетските циркулари за истите години, а Министерството за финансии да ги има во предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија.

## Точка 18

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на проектот за изградба на Интерконективен гасовод меѓу Република Северна Македонија и Република Грција и ја усвои Информацијата со следниот заклучок:

- Се задолжува Министерството за финансии, во соработка со НЕР АД Скопје, во рок од 7 дена, да подготви и достави барање до Европската банка за обнова и развој за изразување на интерес за кофинансирање на Проектот за изградба на Интерконективен гасовод меѓу Република Северна Македонија и Република Грција со заем во износ до 19,1 милиони евра, кој е обезбеден со државна гаранција, со цел затворање на финансиската структура на Проектот.

## Точка 19

Владата го разгледа Извештајот за дополнително реализираните активности и извршените преговори за текстот на Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Соединетите Американски Држави за безбедносните мерки за заштита на класифицираните информации, со усогласен текст на Договорот и го усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Соединетите Американски Држави за безбедносните мерки за заштита на класифицирани информации.

2. Се определува министерот за надворешни работи д-р Бујар Османи, во име на Владата на Република Северна Македонија, да го потпише Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Соединетите Американски Држави за безбедносните мерки за заштита на класифицирани информации.

Истовремено, предлагачот да го има предвид укажувањето од Мислењето на Министерството за финансии.

## Точка 20

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Јавното претпријатие за стопанисување со објекти за спорт во сопственост на Република Северна Македонија и условно ја донесе Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Јавното претпријатие за стопанисување со објекти за спорт во сопственост на Република Северна Македонија, со заклучок предлагачот редакциски да го усогласи текстот на Одлуката со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 21

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Доброволно противпожарно друштво „Видра" – Велес (нов текст), во предложениот текст.

## Точка 22

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на Друштвото за производство на електрична енергија, Сателит енерџи ДООЕЛ Куманово, во предложениот текст.

## Точка 23

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, во предложениот текст.

**Точка 24**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, во предложениот текст.

**Точка 25**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за продажба на движни ствари (7 патнички моторни возила), во предложениот текст.

**Точка 26**

Владата на предлог на предлагачот го одложи за наредната седница разгледувањето на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за јавните набавки во областа на одбраната и безбедноста (*), поради потребата од дополнителни усогласувања.

Оваа точка претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика и Комисијата за политички систем.

**Точка 27**

Владата на предлог на предлагачот го одложи разгледувањето на Информацијата за продажба на недвижни ствари во Кичево сопственост на Република Северна Македонија - корисник Министерство за финансии, со Предлог-одлука, за наредната седница на Владата.

**Точка 28**

Владата на предлог на предлагачот го одложи разгледувањето на Информацијата за продажба на недвижни ствари во Општина Струмица од поранешна „Конзервна фабрика“ АД Струмица, сопственост на Република Северна Македонија - корисник Министерство за финансии, со Предлог-одлука за наредната седница на Владата.

**Точка 29**

Владата ја разгледа Информацијата за итна потреба од обезбедување на соодветен деловен простор за новоформираните сектори во Управата за финансиска полиција и ја усвои Информацијата со следниот заклучок:

- Се задолжуваат Службата за општи и заеднички работи на Република Северна Македонија и Генерален секретаријат на Владата на Република Северна Македонија врз основа на искажаната потреба и во координација со Управата за финансиска полиција да обезбеди соодветен деловен простор, а за истото да ја информира Владата на Република Северна Македонија во рок од 30 дена.

## Точка 30

Владата ја разгледа Информацијата за доставување на пресуда од Управен суд по Информацијата за текот на постапката пред Управен суд против Одлука на Државната комисија за жалби по јавни набавки за поништување на Одлуката за давање на дивечот во ловиштето бр.5 „Душегубица" на користење- концесија донесена од страна на Владата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 22 од 31.1.2020 година) и ја усвои Информацијата со следниот заклучок:

- Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во соработка со Државното правобранителство на Република Северна Македонија да ги искористи сите правни средства во правната работа и да ја информира Владата за одлуките на Управниот суд и Вишиот управен суд по повод жалбите поднесени против решенијата на Државната комисија за жалби по јавни набавки, во рок од седум дена по приемот на одлуките со предлог за понатамошно постапување.

Исто така, предлагачот да ги има предвид укажувањата во Мислењето на Државното правобранителство на Република Северна Македонија.

## Точка 31

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4-времено сместување, КО Душегубица, Општина Кичево, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4-времено сместување, КО Душегубица, Општина Кичево, во предложениот текст.

## Точка 32

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за престанок на важење на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Е2-комунална супраструктура (бензинска пумпна станица и услужен центар) КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево, со Предлог-одлука, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седницата на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата предлагачот да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 33

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштво за производство, трговија и услуги Агровин ДН ДООЕЛ Кавадарци ул.Цано Поп Ристов бр.32 Б, Кавадарци, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на

договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

**Точка 34**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштво за трговија на големо и мало ГО-МИЛ ДООЕЛ Облешево, Општина Чешиново-Облешево, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

**Точка 35**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со барањето на Концесионерот АК Хидро 2016 ДООЕЛ Тетово за продолжување на рокот за изградба и започнување со комерцијална работа на МХЕЦ Вејачка и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се овластува министерот за животна средина и просторно планирање, во име на Владата на Република Северна Македонија како Концедент да склучи Анекс на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мала хидроелектрична централа, МХЕЦ Вејачка бр. 11-2142/1 од 26.3.2018 година, за продолжување на рокот за изградба и почеток на комерцијалното работење до 27.12.2021 година.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да побара од Концесионерот АК Хидро 2016 ДООЕЛ Тетово да ја продолжи важноста на Банкарската гаранција за квалитетно извршување на Договорот најмалку до 25.2.2022 година.

**Точка 36**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објект за сместување поднесено од Еуро хотел Градче, Кочани, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (Еуро хотел Градче со седиште на ул. Нас. место без уличен систем бр. 1 Долно Градче, Кочани, за хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди супериор), во предложениот текст.

**Точка 37**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објект за сместување поднесено од хотел Оаза, Штип (со седиште на ул. Тошо Арсов бр. 32, Штип, за хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди), со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект, во предложениот текст.

## Точка 38

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Информацијата со Предлог-одлука за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – керамичка глина на локалитетот „Бодевица“ Кучов Рид, Општина Пехчево, поради потребата предлагачот да ги обезбеди потребните нови мислења од надлежните институции и истата претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

## Точка 39

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – варовник на локалитетот „Мирковец“, Општина Василево 4/2021 и Тендерската документација за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - варовник на локалитетот „Мирковец“ Општина Василево и ја усвои Информацијата со следниот заклучок:

- Го одобри новиот текст на Тендерската документација за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - варовник на локалитетот „Мирковец“ Општина Василево.

## Точка 40

Владата ја разгледа Информацијата во врска со извршената евалуација од Јавниот повик за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини 1/2021 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.2/21), со предлог – одлуки и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Го разгледа Извештајот од проверката на документацијата и евалуацијата на понудите од Јавен повик за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини 1/2021, објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.2/21.

2. Го донесе новиот текст на Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минералната суровина – песок и чакал на Друштвото за производство, трговија, услуги САНДРА-М Љупчо ДООЕЛ Кавадарци на локалитетот „Ѓорова Лака“ Општина Неготино, во предложениот текст.

3. Го донесе новиот текст на Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минералната суровина – варовник на Друштвото за градежништво, трговија и услуги СТОНКОРП ДОО Битола на локалитетот „Кутлишта“ Општина Кичево, во предложениот текст.

4. Го донесе новиот текст на Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минералната

суровина – варовник на Трговското друштво за производство, трговија и услуги ОБЕЛ ГРАДБА ДООЕЛ увоз-извоз с. Град, Делчево на локалитетот „Брусија“ Општина Делчево, во предложениот текст.

**Точка 41**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – песок и чакал на Друштвото за градежништво и трговија Градба Промет ДОО Кавадарци на локалитетот „Црвени Брегови“, Општина Неготино и условно ја донесе Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – песок и чакал на Друштвото за градежништво и трговија Градба Промет ДОО Кавадарци на локалитетот „Црвени Брегови“, Општина Неготино поради потребата Министерството за транспорт и врски да достави мислење по истата по претходно добиено мислење од Јавното претпријатие за државни патишта.

**Точка 42**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина–подземна вода на локалитетот „с. Горна Белица“, Општина Струга, во предложениот текст.

**Точка 43**

Владата ја донесе Одлуката за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – минерална – подземна вода на локалитетот „Маркови Кули“, Општина Кавадарци (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 44**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата во однос на побарувања од предизвикана штета на наши вооружени сили надвор од земјата, како и на претставници на вооружените сили на трети страни во Република Северна Македонија согласно член 8 од текстот на Договорот меѓу страните на Северноатлантскиот договор за статусот на силите, ратификуван со Закон за ратификација на Договорот меѓу страните на Северноатлантскиот договор за статусот на нивните сили („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 260/20 од 03.11.2020 година) и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за одбрана континуирано да обезбеди средства во рамки на своите годишни буџети за покривање на трошоци од можни штети предизвикани од наши вооружени сили надвор од земјата како и од странски вооружени сили на други држави при изведување на активности во земјата, согласно одредбите од член 8 од Договорот меѓу страните на Северноатлантскиот договор за статусот на нивните сили.

2. Се задолжува Министерството за одбрана во рок од 14 дена да одреди лица за контакт (POC) од Оперативниот центар кои последователно ќе присуствуваат во

сите предметни постапки, со цел информирање и доставување на формулар за компензација на штета „Claims Application Form” на оштетената страна, согласно одредбите од член 8 од Договорот меѓу страните на Северноатлантскиот договор за статусот на нивните сили, односно позитивните законски прописи.

3. Се задолжува Министерството за одбрана врз основа на праксата на земјите членки на Алијансата во рок од 30 дена да подготви информативни пакети за обука на нашите вооружени сили кои ќе присуствуваат на мисии, вежби и обуки надвор од земјата.

4. Се задолжува Министерството за внатрешни работи во рок од 10 дена да ги запознае вработените од своите инволвирани организациони единици при вршење увид по причинета штета од страна на вооружени сили на странски држави при изведување на активности во земјата да ја известат „РОС“ службата во Министерството за одбрана да присуствува и учествува во постапката во рамки на своите надлежности со цел примена на одредбите од членот 8 од Договорот меѓу страните на Северноатлантскиот договор за статусот на нивните сили.

5. Се задолжуваат Министерството за одбрана и Министерството за внатрешни работи во рок од 10 дена да формираат работна група за координација на активностите и доследно имплементирање на одредбите од Договорот меѓу страните на Северноатлантскиот договор за статусот на нивните сили.

6. Се задолжува Министерството за одбрана најдоцна до 31 мај 2021 година да ја информира Владата за преземените мерки во врска со имплементацијата на членот 8 од Договорот меѓу страните на Северноатлантскиот договор за статусот на нивните сили.

## Точка 45

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од спроведување на донација за реализација на проект на Армискиот полигон Криволак и ја усвои со следниот заклучок:

- Се задолжува Министерството за култура – Управа за заштита на културното наследство, во рок од 30 дена да изврши проверка на ново предложената локација за изградба на Центарот за обука за воени операции во урбана средина, 88284, 00343 (поранешна фарма Цидимирци), од аспект на заштитата на културното наследство и за истото да ја извести Владата.

## Точка 46

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за влегување и престој на странски вооружени сили на територијата на Република Северна Македонија заради изведување на вежба „Trojan Footprint 21“, со Предлог-одлука и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Го донесе новиот текст на Одлуката за влегување и престој на странски вооружени сили на територијата на Република Северна Македонија заради изведување на вежба „Trojan Footprint 21“, во предложениот текст.

2. Се задолжуваат Министерството за надворешни работи, Министерството за внатрешни работи, Министерството за финансии - Царинска управа и Националниот координативен центар за гранично управување, а им се укажува на Јавното претпријатие за државни патишта и Агенцијата за цивилно воздухопловство, во координација со Министерството за одбрана да преземат мерки за непречено користење на капацитетите во нивно владеење, преминување на државната граница на припадниците на вооружените сили на Соединетите Американски Држави со возила, воздухоплови, вооружување, опрема и материјално-технички средства, во текот на учеството на вежбата.

3. Се задолжуваат Министерството за надворешни работи, Министерството за внатрешни работи, Министерството за транспорт и врски, Министерството за финансии - Царинска управа и Националниот координативен центар за гранично управување, а им се укажува на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта – Скопје ц.о., и Агенцијата за цивилно воздухопловство да одредат по едно лице, за координација со лицето задолжено од Армијата на Република Северна Македонија, во врска со активностите за подготовките за изведување на вежбата и за истото да го известат Министерството за одбрана во рок од три дена.

## Точка 47

Владата ја разгледа Информацијата за правосилност на Одлуката на Европскиот суд за човекови права во случајот Реџепови против Северна Македонија А.бр. 30415/18, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за исплата на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, во предложениот текст.

Средствата треба да бидат исплатени најдоцна до 7 мај 2021 година.

## Точка 48

Владата ја разгледа Информацијата за правосилност на Одлуката на Европскиот суд за човекови права во случајот Јусинова против Северна Македонија А.бр. 59492/18, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за исплата на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, во предложениот текст.

Средствата да се исплатат најдоцна до 7 мај 2021 година.

## Точка 49

Владата го разгледа Барањето на Ахмет Шемсеттин Короглу, за прием во државјанство на Република Северна Македонија согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и утврди позитивно мислење, имајќи ги

предвид новото позитивно Мислење на Министерството за финансии и позитивното Мислење на Министерството за економија.

**Точка 50**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство за формирање на современа модерна организација - платформа како ефикасен носител на хеликоптерски итен медицински систем во Република Северна Македонија (ХЕМС) и хеликоптерски услуги за пребарување и спасување (САР) и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за одбрана, Министерството за здравство, Министерството за внатрешни работи, Министерството за транспорт и врски, АД во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги на воздухопловната навигација М-НАВ, Агенцијата за цивилно воздухопловство, Агенцијата за катастар на недвижности, Центарот за управување со кризи и Дирекцијата за заштита и спасување, во рок од 7 дена да доставaт информација до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, во однос на тоа дали имаат постапено и во кој степен имаат постапено по заклучоците со кои биле задолжени.

2. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, во рок од 7 дена да достави информација до Владата, во однос на тоа дали имаат постапено и во кој степен имаат постапено институциите по заклучоците со кои биле задолжени.

**Точка 51**

Владата ја разгледа Информацијата за постапување на Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација на економски ресори и инвестиции, по однос на заклучок по Точка 36 од 57-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 23 март 2021 година за Предлог-договорот за доделување на државна помош на Друштвото за производство на електрична и електронска опрема за моторни возила ДДМ Дрекслмајер мануфактуринг Македонија ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци, со текст на Договор и ја усвои со следниот заклучок:

- Се овластува Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, да го потпише предложениот Договор за доделување на државна помош на Друштвото за производство на електрична и електронска опрема за моторни возила ДДМ Дрекслмајер мануфактуринг Македонија ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци.

**Точка 52**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со статусот на постапување по Информацијата за обештетување на поплавените правни лица во Скопскиот Регион за поплавите од август 2016 година (најнов текст), ја усвои Информацијата и

заклучи дека не се исполнети законските услови за да се изврши исплата на парични средства по основ на штета на наведените правни лица (немало увид на лице место, законските рокови за постапување на Комисијата биле надминати, правните лица не доставиле полиси за осигурување на имот, опрема и стока, не е извршено примопредавање на документација со претходниот состав на Комисијата, како и согласно досегашната пракса каде се обесштетувани само физички лица).

**Точка 53**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта, го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Мила Царовска, министер за образование и наука и д-р Арафат Шабани, заменик на министерот за образование и наука, а за повереници, Сељатин Бељули државен секретар во Министерството за образование и наука и Маја Бичиклиска, државен советник во Министерството за образование и наука.

**Точка 54**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлогот на закон за учебници и други наставни и дидактички материјали во основно и средно образование, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Мила Царовска, министер за образование и наука и д-р Арафат Шабани, заменик на министерот за образование и наука, а за повереници Сељатин Бељули, државен секретар во Министерството за образование и наука и Маја Бичиклиска, државен советник во Министерството за образование и наука.

Истовремено, предлагачот да го има предвид укажувањето на Министерството за финансии – потребните средства Министерството за образование и наука да ги обезбеди од сопствениот буџет, без притоа да бара дополнителни финансиски средства.

**Точка 55**

Владата на предлог на предлагачот го одложи од разгледување Предлогот за поведување на постапка за водење на преговори за склучување на Договор за заемно признавање на професионалните квалификации на докторите по медицина, доктори по стоматологија и архитекти меѓу земјите од ЦЕФТА и Регионалниот совет за соработка, за наредната седница на Владата.

Овој материјал претходно да се разгледа на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој.

## Точка 56

Владата ја симна од Дневен ред Предлог-одлуката за давање на времено користење на недвижни ствари на Министерство за труд и социјална политика, со оглед дека предметните недвижни ствари се дадени на трајно користење на Агенцијата за цивилно воздухопловство.

## Точка 57

Владата ја донесе Одлуката за видот и висината на надоместоците за трошоците во постапката на акредитација врз основа на реално направени трошоци (нов текст), во предложениот текст.

## Точка 58

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање на одобрение за основање на приватна високообразовна установа - Самостојна висока стручна школа Интернационален институт за мода „Изет Цури“ во Скопје, во предложениот текст.

## Точка 59

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање на времено користење на недвижни ствари на Здружението на граѓани за третман на лица со Аутизам, АДХД и Аспергеров синдром ВО МОЈОТ СВЕТ-Скопје, во предложениот текст.

## Точка 60

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Националната установа Центар за култура Трајко Прокопиев - Куманово, во предложениот текст.

## Точка 61

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Изборниот законик, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следното мислење:

Во рамки на Министерството за правда кон крајот на декември 2020 година, формирана е интердисциплинарната работна група составена од релевантни државни органи, претставници на науката, претставници на Државната изборна комисија, Државната комисија за спречување на корупцијата, Државниот завод за ревизија, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, бројни претставници на невладиниот сектор и претставници на неколку парламентарни политички партии. Работата на Работната група е поддржана и постојано набљудувана од страна на меѓународните организации кои активно го следат изборниот процес во државата изминатите 20-тина години (ИФЕС, ОБСЕ-ОДИХР, НДИ, ЕУ). Мандатот на работната група е изработка на целосно нов Изборен законик, со оглед на фактот дека од 2006-тата година до денес веќе се извршени

повеќе од 30-тина измени и дополненија, што го прават Изборниот законик, неконзистентен, тешко читлив и сложен за имплементација.

Во пресрет на локалните избори кои треба да се одржат оваа година, беше разгледуван на ОБСЕ-ОДИХР во однос на предвремените парламентарни избори 2020 година, кој пристигна кон крајот на 2020 година и кој содржи одреден број на приоритетни препораки кои треба да се надминат пред организирањето на следниот изборен циклус.

Како една од клучните препораки на ОБСЕ-ОДИХР е било какви измени на изборните правила да се дефинираат барем 6 месеци пред одржувањето на изборите, со цел истите да им бидат добро познати на сите учесници во изборниот процес, а во спротивното е постапување спротивно на меѓународните добри практики, се наметна како неопходност преминување кон итни измени на Изборниот законик пред локалните избори, со фокусирање на препораките на ОБСЕ-ОДИХР, по што ќе се разгледува и можноста за промена на изборниот модел.

Како процесот на усвојување на Изборниот законик неминовно ја наметнува потребата од консензус на сите политички партии, по дефинирање на решенијата по однос на препораките од ОБСЕ-ОДИХР, планирана е поширока дебата на Работната група со сите парламентарни политички партии, на која ќе се разгледува и предлогот за промена на изборниот модел.

Работната група ќе продолжи со својата работа, и по донесувањето на измените и дополнувањата на Изборниот законик и ќе работи на целосно нов изборен законик.

Имајќи го предвид сето погоре наведено, Владата на Република Северна Македонија не дава позитивно мислење за предложениот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Изборниот законик, поднесен од група пратеници и му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да не го донесе Законот.

Истовремено, Владата на Република Северна Македонија смета дека е упатно доставениот предлог да биде разгледан од Работната група за изработка на Изборниот законик, со цел истиот да биде предмет на поширока дискусија помеѓу струката и политиката, а конечниот предлог за измени на Изборниот законик, да биде резултат на сеопфатен инклузивен и консултативен процес, со цел гарантирање на правната сигурност.

**<u>Точка 62</u>**

Владата го разгледа Предлогот на закон за продажба на станови кои потекнуваат од станбениот фонд на поранешна ЈНА или се добиени по пат на замена на недвижен имот кој потекнува од поранешната ЈНА и се доделени на користење на лица вработени во Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија, предложен од група пратеници, дава позитивно мислење по истиот и воедно ја поддржува и поздравува иницијативата за решавање на долгогодишниот

станбен проблем на голем број на лица вработени или пензионери од Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија.

## Точка 63

Владата го разгледа Предлогот на закон за престанување на важењето на Законот за попис на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија, 2021 година, по итна постапка, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следново мислење:

Државниот завод за статистика во изминатите две години оствари повеќе контакти со претставници на партиите кои се во опозиција, при што беше објаснуван Законот во однос на концептот и методот за неговото спроведување, како и од аспект на избегнување на одредени решенија, прифатени во Пописот 2011 година кои придонесоа за неуспех на пописната активност. По однос на наведеното, се даваа предлози кои беа на линија на Законот за Попис од 2011 година и се предлагаа решенија кои не кореспондираа со методот за спроведување на овој попис на кој се заснова актуелниот Закон за Попис за кој се бара донесување на Закон за негово престанување.

Наводите дека одредени земји го одложиле пописот поради КОВИД пандемијата не е основано од причина што во нашата земја попис не е спроведен веќе 20 години и тоа претставува сериозен проблем за нашата земја. Државниот завод за статистика, во врска со актуелната пандемија, во соработка со надлежните тела презеде и ќе презема највисок степен на здравствени мерки за заштита на попишувачите и населението. Оттаму, битно е да се истакне и за усвојувањето на Протоколот за превентивни мерки при спроведување на Пописот на населението, домаќинствата и становите, 2021 година од страна на Владата на Република Северна Македонија на 2.3.2021 година, по предлог на Комисијата за заразни болести што предвидува мерки во сите три фази на пописот. Во Протоколот се пропишани мерки и постапки кои имаат за цел минимизирање на ризикот од трансмисија на заболувањето од КОВИД-19 за сите учесници во Пописот и со тоа неспорен е фактот дека оваа статистичка операција нема да доведе до загрозување на јавното здравје. Исто така, горенаведеното се коси со наводите во предложеното законско решение за дополнително непочитување на мерките за време на пандемија.

Користењето на единствениот матичен број на граѓанинот и негово поврзување со административните бази на податоци гарантира дека добиените податоци ќе бидат веродостојни и точни. Притоа, треба да се има предвид дека Пописот претставува статистичка активност и дека согласно со препораките на Организација на Обединетите нации и Европската Унија дури се препорачува податоците од населението да се пријавуваат само преку исказ на лицето кое се попишува, со цел да се добие поверодостојна слика за структурата на населението во земјата. Согласно наведеното, потребно е да се истакне и за законско пропишаната заштитата која се однесува на податоците кои се преземаат од административни бази на податоци на институциите во државата преку кои граѓаните остваруваат одредени права. Државниот завод за статистика, како

носител на статистичкиот систем во државата, според Законот за државната статистика има право да ги користи тие податоци за статистички цели.

Согласно членот 3 од актуелниот Закон за попис на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија, 2021 година „Личните податоци добиени со Пописот подлежат на заштита согласно со одредбите од овој закон, Законот за државната статистика и прописите од областа на заштита на личните податоци". Со одредбите од овој закон опфатени во ГЛАВА IX која гласи КОРИСТЕЊЕ, ЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ПОДАТОЦИТЕ ОД ПОПИСОТ се гарантира сигурноста и тајноста на личните податоци со оглед на фактот што личните податоци што ќе се приберат со Пописот претставуваат строго доверливи податоци од каде произлегува и обврската за нивна целосна заштита од страна на сите лица што директно учествуваат во сите пописни активности врз каква и да е основа. На овој начин се гарантира и заштитата од повреда на личниот интегритет што произлегува од регистрирањето на информации за нив преку обработка на податоците.

Во однос на двојниот потпис, се напоменува дека не се работи за двоен потпис туку за претходно парафирање на документите од директорот и заменик- директорот на Државниот завод за статистика во функција на зајакнување на довербата помеѓу двете најбројни заедници во земјата. Согласно законските прописи, директорот ги носи документите кои се однесуваат на Пописот.

Во однос на апликацијата за попишување на државјаните на Република Северна Македонија во странство, по првичните проблеми, може да се констатира дека функционира соодветно на потребите, за што говори и фактот за попишани повеќе од 140.000 државјани на Република Северна Македонија кои живеат во странство.
Заради погоре наведените причини, Владата на Република Северна Македонија смета дека не постои ниту основ ниту причина Предлогот на закон за престанување на важењето на Законот за Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија, 2021 година, по итна постапка, поднесен од група пратеници, да биде донесен поради што му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да не го донесе Предлогот на закон.

## Точка 64

Владата го разгледа Годишениот извештај за работата на Оперативно – техничката агенција за 2020 година и притоа го утврди следното мислење:

Во согласност со член 7 од Законот за Оперативно – техничка агенција („Службен весник на Република Македонија" бр.71/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.98/19), директорот на Оперативно - техничката агенција до Собранието на Република Северна Македонија доставува за разгледување годишен извештај за работата на Оперативно – техничката агенција за претходната календарска година најдоцна до крајот на февруари во тековната година.

Во извештајот се презентирани податоци за реализираните средства во текот на 2020 година.

Тргнувајќи од информативниот карактер на Годишниот извештај за работата на Оперативно – техничката агенција за 2020 година, Владата на Република Северна Македонија нема забелешки по истиот.

## Точка 65

Владата го разгледа Извештајот на ректорот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје за работата на Универзитетот за периодот од 1 октомври 2019 година до 14 септември 2020 година и притоа го утврди следново мислење:

Извештајот за работата на ректорот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (во натамошниот текст Универзитетот), ги содржи потребните елементи како што се активностите на Универзитетот кои се реализирани и кои се во тек, работата на органите на Универзитетот, односно нормативното уредување, изборот на декани и директори, начинот за ангажирање на визитинг наставници, изборот на органите на Универзитетот, бројот на студиските програми, бројот на студенти запишани по студиски програми (табеларен преглед), циклусите на студии организирани од страна на единиците во состав на Универзитетот, издавачката дејност, научно истражувачка дејност, меѓународната соработка ЕРАЗМУС+ и меѓуинституционалните договори, финансирањето на интегративните и другите функции на Универзитетот, фондациите на Универзитетот и академското културно-уметничко друштво на Универзитетот.

Врз основа на погоренаведеното за содржината на Извештајот за работа на ректорот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Владата на Република Северна Македонија за финансискиот дел на извештајот во кој е даден само наративниот дел со бројни детали за реализирани активности за академската 2019/2020 година, укажува на потребата од задолжително прикажување на кумулативни финансиски показатели на работењето на Универзитетот согласно Правилникот за класификација на расходите.

## Точка 66

Владата ја разгледа Понудата од нотар Никола Спасовски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.220 за КО Катланово и Имотен лист бр.1029 за КО Катланово на КП бр. 1454/10, 1454/2, 1454/3, 1454/4, 1454/5, 1454/6, 1454/7, 1455, 1456, 1457, 1458 и 1459 во место викано ул. Лака и по Понудата го усвои Известувањето од Министерството за транспорт и врски.

## Точка 67

Владата ја разгледа Понудата од нотар Мартин Божиновски од Куманово за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.81652 за КО Куманово на КП бр. 14158/3 во место викано Солунска и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 68

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ана Брашнарска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.736 за КО Бардовци на КП бр.1947, дел 1, викано

место/улица Село, катастарска култура зз, нива, класа 2 со вкупна површина од 103м2 и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 69**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Фатмир Ајрули од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 6339 за КО Бутел, на КП бр. 870/18 и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 70**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Сашо Клисароски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 622 за КО Кисела Вода 1, на КП бр. 3316 и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 71**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ана Дојчиновска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.192317 за КО Драчево 2 на КП бр.1103 викано место Ќупријан и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 72**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Митко Милков од Кавадарци за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.19270 за КО Кавадарци на КП бр.12613, со дополнување и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 73**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Џеват Буџи од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.93356 за КО Чаир на КП бр.1036, КП бр.1037, КП бр.1038, КП бр. 1040, КП бр. 1041, КП бр. 1042, КП бр. 1043, КП бр. 1044/1, КП бр. 1044/2, КП бр.1048, КП бр.1049, КП бр.1056/2, КП бр.1255, КП бр.1258, КП бр. 1260, КП бр. 1262/1, КП бр. 1264/1, КП бр.1265/2 место/улица Дижонска, со дополнување и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 74**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ирфан Јонузовски од Скопје за продажба на недвижен имот кое претставува 3449/3674 идеален дел од КП бр.115/6 КО Злокуќани со Имотен лист бр.2279 и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 75**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Пане Нацев од Кавадарци за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.17476 за КО Кавадарци на КП бр.13457, викано место/улица Д.Атанасов 4 и Имотен лист бр.5572 за КО Кавадарци на КП бр. 13457 и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 76**

Владата го одложи разгледувањето на Барањето на мислење од нотар Катерина Митревска од Скопје, заради спроведување на договор за размена на недвижен имот, со Имотен лист бр.1931 за КО Чаир, на КП бр.34 и Имотен лист бр.93546 за КО Чаир, на КП бр.37, каде како сосопственик се јавува Република Северна Македонија за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата мислење да достави Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје.

**Точка 77**

Владата го разгледа Известувањето од извршител Снежана Андреевска од Скопје, за Налог за извршување врз недвижност, доставен под И.бр.19/20 од 14.1.2020 година, со дополнувањата и по истото го усвои негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 78**

Владата го одложи од разгледување Известувањето од извршител Снежана Андреевска од Скопје, за Налог за извршување кај пристапување кон извршување, доставен под И.бр.573/21 од 1 март 2021 година за КО Гиновци за наредната седница на Владата поради потребата Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје да достави мислење по материјалот.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 79**

Претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев, му посака добредојде на директорот на Отворено владино партнерство (ОВП) од Канцеларијата во Њујорк, Санџај Прадхан.

Во своите воведни обраќања претседателот на Владата Зоран Заев и директорот на ОВП Прадхан, се осврнаа на придобивките кои произлегуваат од концептот на ОВП, ко-креирањето на петтиот Национален акциски план 2021-2023, како и важноста од вклучување на сите засегнати страни во креирање на политиките на Владата кои се во интерес на сите граѓани.

Истовремено, претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев ги информираше членовите на Владата дека е остварена комуникација со директорот на ОВП Прадхан, од која е прифатена понудата на експерти, применување на искуствата на другите држави, како и споделување на нашето искуство, во делот на ОВП.

По завршувањето на официјалниот дел, беше отворена дискусија каде останатите членови на Владата имаа можност да претстават дел од активностите кои произлегуваат од концептот на ОВП.

Во своето обраќање, министерот за информатичко општество и администрација д-р Јетон Шаќири зборуваше за соработката помеѓу Министерството за информатичко општество и администрација и граѓанскиот сектор. Министерот Шаќири истакна дека во срцето на овој процес е партнерството, кое е неопходно во процесот на ко-креирање но, и во самата имплементација, следење и известување, за што е пуштен во употреба порталот за Отворено владино партнерство.

Исто така, посочи дека оваа година е особено значајна имајќи предвид дека во јуни, како резултат од еден динамичен и инклузивен процес на подготовка со активна вклученост на стотина претставници од граѓанскиот и јавниот сектор, Советот за ОВП, Мрежата на граѓански организации за ОВП, ќе произлезе петтиот Национален акциски план за Отворено владино партнерство за периодот 2021-2023 година, кој повторно е насочен кон прашањата за транспарентноста, отчетноста, проактивноста и инклузивноста, спречувањето на корупција и промовирање на добро владеење, јавните услуги и пристапот до правда.

Во дискусијата се вклучи и министерот за правда м-р Бојан Маричиќ, кој напомена дека со промената на законската рамка, ефективниот пристап до правдата е значително подобрен со тоа што механизмот за бесплатна правна помош стана подостапен за различни категории на граѓани, особено за ранливите групи. Исто така, тој информираше дека со оглед на потребата од поголема отвореност на судските институции и враќање на довербата на граѓаните во судството, Република Северна Македонија започнува ново поглавје од Отвореното владино партнерство и со започнувањето на оваа иницијатива, Република Северна Македонија е првата држава од Западен Балкан која активно работи на заокружување на процесот за отвореност на трите столба на власт.

Министерот за одбрана, м-р Радмила Шекеринска Јанковска, посочи дека иако на агендата на Министерството на одбрана приоритет бил влезот во НАТО и политичка и оперативна подготовка за пристапување кон Алијансата, второто прашање на кое се посветило внимание беа транспарентноста и интегритетот.

Таа истакна дека Министерството за одбрана стана лидер меѓу сите институции на централно и локално ниво според активна транспарентност и првпат за пет години колку што се мери тој индекс, едно министерство се најде на врвот на табелата и за три години е направен скок од 40 места. Покрај тоа, Министерството се искачило на второ место и на листата на Транспаренси интернешенл меѓу земјите од Централна и Источна Европа, според индексот на интегритет на владите во

секторот одбрана и успеале да бидат подобри од четири земји членки на ЕУ и шест членки на НАТО.

Исто така, посочи дека во последните две години позитивно е одговорено на сите барања за пристап до информации од јавен карактер, што исто така е многу важно за одржување на транспарентноста, како клучна алатка во борбата против корупцијата.

Министерот за труд и социјална политика, д-р Јагода Шахпаска, истакна дека во Министерство за труд и социјална политика, високо на агендата е грижата за ранливите категории на граѓани, нивните потреби, поддршката и помошта во соочувањето со предизвиците, со цел олеснување на условите и можностите на овие лица. Покрај работата на двете заложби од четвртиот акциски план, унапредување на пристапот до правда за маргинализираните групи граѓани и мапирање на бездомници и социјално загрозени семејства и поединци и во услови на пандемија, минатата година Министерството започнало и со Проектот за подобрување на социјалните услуги, што претставува значаен чекор напред во приближување на социјалните услуги во местото на живеење на оние на кои помошта им е неопходна.

Заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси, Љупчо Николовски, се осврна на новиот Национален регистар на вистински сопственици, подготвен во соработка со Централниот регистар.

Тој истакна дека целта е зголемување на транспарентноста во сопственичката структура на правните лица во земјата и исполнување на меѓународните и ЕУ стандарди за борба со перење пари и финансирање тероризам и преку овој регистар ќе може да се изврши увид кој е вистинскиот сопственик, односно лицето коешто има директна или индиректна сопственост, преку доволен процент на удели, или врши крајна и ефективна контрола над правното лице или странски правен аранжман.

Министерот за финансии, д-р Фатмир Бесими во своето обраќање истакна дека фискалната транспарентност е највисоко ниво на фискална контрола.

Тој потенцираше дека Министерството за финансии и Владата во изминатите четири години во континуитет работат на подигањето на фискалната транспарентност и како резултат на тоа има значително зголемување на транспарентноста, што е повеќе пати нотирано од страна на меѓународните финансиски институции и Европската Унија.

Заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Фатмир Битиќи ја претстави единствената точка за контакт за информации за државна помош и истакна дека Единствениот регистар за државна помош ќе претставува единствена точка за контакт за сите информации за државна помош, што ќе придонесе за хармонизирање во планирањето и буџетирањето на државната помош.

Тој потенцираше дека преку единствениот регистар за државна помош кој интегрира податоци од 11 институции, граѓаните и стопанството на Република Северна Македонија ќе добијат транспарентен и отчетен систем за планирање, буџетирање, како и следење на ефектите и импактот од државната помош.

Министерот за здравство, доц. д-р Венко Филипче се осврна на неопходноста од редовно информирање и транспарентност за време на пандемијата предизвикана од вирусот КОВИД-19.

Тој истакна дека Министерството за здравство се одлучило за отворен и транспарентен пристап во менаџирање на КОВИД-19 кризата преку прес-конференции на дневна основа, а одделението за односи со јавноста одговара на 40-тина прашања дневно и како резултат на тоа се бележи скок од 43 места, а Министерството за здравство е институција чија активна транспарентност е рангирана во категоријата „многу добра“ со високи 81,3 процентни поени.

Директорот на ОВП Прадхан, ги поздрави заложбите на сите институции вклучени во процесот на Отворено владино партнерство и Владата на Република Северна Македонија ја посочи како пример којшто ќе го презентира и пред останатите држави кои се дел од ОВП и истакна дека ова била една од најинспиративните работилници на кои присуствувал.

**Точка 80**

**1.** Владата од должноста членови на Надзорниот одбор на Акционерското друштво „Медиумска информативна агенција“ - Скопје, во државна сопственост, ги отповика:

- Александра Мицоска – Митевска,
- Лилјана Капевска,
- Ардиан Исени за од зависен член и
- Татјана Поповска од независен член.

1.1. Владата за членови на Надзорниот одбор на Акционерското друштво „Медиумска информативна агенција” - Скопје, во државна сопственост, ги избра:

- Александра Мицоска – Митевска,
- Лилјана Капевска,
- Мери Илиќ,
- Ардиан Исени за независен член и
- Татјана Поповска за независен член.

**2.** Владата заклучи да му препорача на Надзорниот одбор на АД „Медиумска информативна агенција”- Скопје, во државна сопственост, да ги реизбере Драган Антоновски за претседател на Управниот одбор и генерален директор и Хаљит Ајдини за член на Управниот одбор и заменик на генералниот директор.

## Точка 81

**1.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за превземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на територија на Република Северна Македонија, заради заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација од заразната болест КОВИД-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2 и заради спречување од негово ширење во зголемен обем со што се загрозува безбедноста на здравјето на населението, за периодот од 27 март 2021 до 2 април 2021 година.

**2.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на територија на Република Северна Македонија, заради заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација од заразната болест КОВИД-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2 и заради спречување од негово ширење во зголемен обем со што се загрозува безбедноста на здравјето на населението за период од 3 април 2021 година до 9 април 2021 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

**3.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење, со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за периодот од 1 април 2021 до 7 април 2021 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

**4.** Владата по повод констатирање на незапазување на законските рокови при спроведување на постапките за доделување на концесии за минерални суровини, заклучи:

- Се задолжува Министерството за економија, при спроведување на постапките за доделување на концесии за минерални суровини, сите дејствија од истите да бидат преземени со навремено постапување, односно со стриктно почитување на законски утврдените рокови, согласно Законот за концесии и јавно приватно партнерство и Законот за минерални суровини.

Согласно ова, се задолжуваат и сите надлежни институции од кои е потребно да се прибави мислење за спроведување на овие постапки, истите навремено да ги

доставуваат до Министерството за економија, со стриктно почитување на законски утврдените рокови.

**Точка 82**

Владата го разгледа Извештајот за финансиско работење на Јавното претпријатие за државни патишта за периодот октомври - декември 2020 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата укажува да се почитува обврската од членот 5 став 3 од Законот за јавните претпријатија, извештаите да се доставуваат во рок од 20 дена од истекот на тромесечјето.

**Точка 83**

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за работењето на Железници на Република Северна Македонија – Транспорт А.Д. – Скопје, за период 1 октомври – 31 декември 2020 година, како материјал за информирање.

Истовремено, предлагачот да ја почитува обврската од членот 5 став 3 од Законот за јавни претпријатија, извештаите да се доставуваат во рок од 20 дена од истекот на тримесечјето.

**Точка 84**

Владата го разгледа Извештајот за работа на Националниот совет за информациски и комуникациски технологии за 2020 година, како материјал за информирање.

**Точка 85**

Владата ја разгледа Информацијата за ажурирање на Акциски план за проект: Воведување на информациски систем за управување со енергијата ЕМИС, за период до 31 март 2021 година, како материјал за информирање.

**Точка 86**

Владата го разгледа Извештајот за реализација на Уредбата со законска сила за издавање на ваучери за туризам на вработени лица со низок доход заради поттикнување на домашниот туризам за време на вонредна состојба, како материјал за информирање.

**Точка 87**

Владата го разгледа Годишниот извештај за 2020 година на Националниот координативен центар за сузбивање организиран и сериозен криминал, како материјал за информирање.

Точка 88

Владата го разгледа Годишниот извештај на Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција за 2020 година, како материјал за информирање.

Точка 89

Владата ја разгледа Информацијата за Годишен извештај за утврдена дисциплинска и материјална одговорност на административните службеници во Република Северна Македонија за 2020 година, како материјал за информирање.

Точка 90

Владата ја разгледа Информацијата за Годишен извештај за оценувањето на административните службеници во Република Северна Македонија за 2020 година, како материјал за информирање.

Точка 91

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерство за труд и социјална политика и условно ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерство за труд и социјална политика, поради потребата по однос на предметните недвижни ствари да се обезбеди мислење од Агенцијата за управување со одземен имот и Агенцијата за катастар на недвижности.

Доколку Агенцијата за управување со одземен имот се произнесе позитивно (престанала потребата од користењето на недвижниот имот), како и Агенцијата за катастар на недвижности, текстот на Одлуката редакциски да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

Точка 92

Владата го разгледа најновиот текст на Предлогот на закон за дополнување на Законот за здравствената заштита, по скратена постапка, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство и д-р Илир Хасани, заменик на министерот за здравство, а за повереник Татјана Васиќ-Бозаџиева, државен советник во Министерството за здравство.

Точка 93

Владата ја разгледа Предлог - годишната програма за изменување и дополнување на Годишната програмата за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2021 година и ја донесе Годишната програма за изменување и дополнување на Годишната програмата за финансирање на изработка на урбанистички планови за

2021 година со заклучок Министерството за транспорт и врски номотехнички да го усогласи текстот на Годишната програма со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 94**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за начинот на користење и висината на износот на средствата за угостителски услуги на територијата на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

**Точка 95**

Владата ја разгледа Предлог-програмата за изменување на Програмата за рамномерен регионален развој за 2021 со индикативно планирани средства за 2022 година и ја донесе Програмата за изменување на Програмата за рамномерен регионален развој за 2021 со индикативно планирани средства за 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 96**

Владата ја разгледа Информацијата за статусот на реализација на подготвителните активности за воспоставување на самоодржлив систем за интегрирано управување со отпад во Источен и Североисточен Регион и ја усвои Информацијата со следниот заклучок:

- Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање, во рок од еден месец, да ја информира Владата за статусот на планираните идни активности.

Исто така, предлагачот да ги има предвид укажувањата од Мислењето на Министерството за финансии.

**Точка 97**

Владата ја разгледа Информацијата за донесување на Решение за одобрување на план за ремедијација на локацијата во АД ОХИС – Скопје, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за животна средина и просторно планирање да донесе Решение за одобрување на Планот за ремедијација на локацијата во АД ОХИС - Скопје.

**Точка 98**

Владата ја разгледа Информацијата за изработка на Основен проект и изградба на кружен тек на магистрален пат Гостивар - Кичево кај постоечката крстосница/приклучок на патната делница – врска со магистралниот пат на Р1202 Маврови Анови - Дебар-гр. со Р.Албанија (ГП Блато) и сообраќајно решение за обезбедување на приклучок кон планираниот алтернативен пат до Депонија Русино, Општина Гостивар и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се укажува на Јавното претпријатие за државни патишта да започне постапка за изработка на Основен проект за изградба на кружен тек на магистрален пат Гостивар - Кичево кај постоечката крстосница/приклучок на патната делница –

врска со магистралниот пат на Р1202 Маврови Анови-Дебар-гр.со Р. Албанија (ГП Блато) и обезбедување на приклучок кон планираниот алтернативен пат до Депонија Русино врз основа на сообраќајното решение од Идејниот проект и Проектот за инфраструктура.

2. Се препорачува на Центарот за развој на Полошкиот плански Регион (ЦРППР) да продолжи со изработката на техничката документација идеен проект кој ќе опфати фаза „Сообраќај“ и фаза „Патишта“,

а ќе го третира сообраќајното решавање на двата приклучоци кон магистралниот пат (едниот ќе опфати реконструкција на постоечкиот приклучок на Р1202 кон Маврови Анови, а другиот ќе биде нов приклучок кон Депонијата Русино кај с.Церово) и исто така, да се изработи Проект за инфраструктура кој ќе даде соодветно урбанистичко решение.

**Точка 99**

Владата ја разгледа Информацијата за донесување на Ревидиран национален утврден придонес кон Договорот од Париз, ја усвои Информацијата и го донесе Ревидираниот национален утврден придонес кон Договорот од Париз.

**Точка 100**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за висината и начинот на наплатувањето на надоместокот за услугите што ги врши Бирото за метрологија и овластеното правно лице и ја донесе Одлуката за висината и начинот на наплатувањето на надоместокот за услугите што ги врши Бирото за метрологија и овластеното правно лице со заклучок предлагачот да ја усогласи истата со Секретаријатот за законодавство.

*

*  *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 16:45 часот.

| ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА |
|---|---|
| **Мухамед Зеќири** | **Зоран Заев** |

Подготвил: м-р Марија Петровска
Контролирал: Зоран Брњарчевски
Согласен: Снежана М. Пендовски
Љубица Р. Димовска
Одобрил: Дејан Јакимовски